УСЛОВИ ДОМАШЕН ТРАНСПОРТ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Овие општи одредби и тарифи се применуваат за осигурување пратки на стока примена на превоз во домашен транспорт.

2. Од премиските стапки, одредби и франшизи од овие тарифи може да се отстапува со договорни стапки и услови во следните случаи:

а) кај осигурувањето на пратка со потесно или пошироко покритие од условите предвидени во тарифите;

б) кај осигурување на пратки кои се пакуваат, товарат, превозуваат и истоваруваат на начин и со средства кои не се вообичаени за соодветниот вид стока;

в) кај стоки каде резултатите од осигурувањето се многу поволни или неповолни (поради исклучително поволни услови за превоз, односно исклучителна тежина на ризиците на кои стоката е изложена) ,

г) кај пратки кои се пријавуваат во реосигурување;

д) кај поголем број пратки од ист вид стока, кај кои може приближно да се утврди тежината на ризиците на кои стоката е изложена;

е) кај општите и долгорочните договори за осигурување.

Во претходните случаи, премиските стапки се одредуваат според тежината на ризиците на кои пратките се изложени, земајќи ги при тоа предвид сите околности при транспортот, поранешните резултати, искуството, праксата и проценката.

3. Условите и премиските стапки за ризиците кои не се опфатени со вообичаените услови „против сите ризици", како и за останатите ризици кои не се приведени во овие тарифи, се одредуваат од случај до случај според тежината на ризиците, на кои конкретните пратки се изложени, при што се земаат предвид сите околности при транспортот, претходните резултати и искуството.

4. Генералниот директор, и од него овластени лица во Генералната дирекција, можат да ги утврдуваат премиските стапки од точка 3, на овие општи одредби.

5. Премијата за осигурување се распоредува спрема одредбите од Законот за осигурување имоти и лица, Статутот или друг општ акт на осигурувачот.

6. Минималната премија за осигурување во домашен транспорт е променлива и изнесува:

- за генерални полиси - денарска противвредност на 400 US$
- за поединечни полиси - денарска противвредност на 30 USD$

Денарската противредност на USD се пресметува по продажен курс на индикативната курсна листа на НБ на Македонија на денот на издавањето на полисата.

Минималната премија може да ја менува Генералниот директор на предлог на Стручната служба за транспорт и кредити во Генералната дирекција.

Максималното покритие и самопридржувањето се променливи и се утврдуваат со „Табелата за максимален самопридржај". Над овој лимит Филијалата е должна пред преземање на ризикот да бара реосигурување преку, Дирекцијата за реосигурување и Стручната служба за транспорт и кредити, во Генералната дирекција.

7. Со условите за осигурување по генерална и поединечна полиса, во принцип се осигурува фактурната вредност на стоката, зголемена за трошоците за превоз, односно набавната вредност на стоката.

Ако посебно се договори може да се осигура сопствениот интерес и добивката (рабат, очекувана добивка и сл.). Овие елементи може да се осигуруваат со зголемување на основицата за пресметка на премијата. но најмногу до 50%. Овој процент може да се менува.

8. Со осигуреникот може да се договори да се осигуруваат и стоки кои не се фактурираат, а се предмет на превоз и ризик, како повратна амбалажа, стоки на консигнации, вратени стоки, стоки кои се превозуваат меѓу сопствени погони и стоваришта, градежни машини, употребувани основни средства и слично.

Прометот се утврдува по пат на аналитичка евиденција што ја води осигуреникот. Тоа е осигурената сума и претставува основа за пресметка на премијата.

Конкретните односи се утврдуваат во посебни услови на генералната полиса или со анекс.

9. Пари, хартии од вредност, благородни метали, филателистички збирки и реткости се примаат во осигурување согласно специјалните Услови.

10. Генералната полиса важи неодредено време, а со поединечните полиси се осигурува конкретната пратка со договорени права и обврски.

11. За осигурување на поединечни пратки ќе се применуваат „Општите услови за осигурување стоки во копнен, речен и воздушен сообраќај, кои се применуваат и во меѓународниот транспорт.

12. Во генералната и поединечните полиси треба прецизно да се нагласат ризиците, премиската стапка и франшизите на кои стоките подлежат.

Во полисата, франшизата треба да се искаже во процент по видови или, ако е откупна, да се нагласи дека е откупена.

Ако во полисата ништо не е нагласено, а со премиската стапка не е откупена франшизата, во таков случај за стоките што подлежат под франшиза при ликвидација на штети ќе се примени вообичаениот процент на франшиза (кршење, кало, испарување и сл.) спрема Тарифата за франшизи и законските прописи, што претставува комерцијален ризик на стоката.

13. Со осигуреникот може да се договори пошироко или потесно покритие од условите по генералната полиса, за што се договара премиска стапка од случај до случај, со тоа што договореното покритие се впишува во „посебните услови" од генералната полиса, или се договара со анекс. Во ваквите случаи осигуреникот води посебна евиденција на таквите пратки.

14. Осигуреникот има право на намалување или обврска за зголемување на премиските стапки согласно Условите за осигурување.

Намалувањето или зголемувањето на премиските стапки се врши според следната табела:

Табела за корекција на премиските стапки спрема индивидуалните резултати на осигурениците

Ред. бр.	% на исплатени и резервирани штети во однос на техничката премија за минатите 3 години	Намалување, односно зголемување на премиските стапки
1	2	3
1.	Под 70%	Намалување на 50% на разликата помеѓу % на штетите и 70% на техничката премија
2.	Помеѓу 70% и 100%	Нема намалување ниту зголемување
3.	Над 100%	Се зголемува за 50% за разликата помеѓу 100% на техничката премија и % на штетите

15. Намалување, односно зголемување на премиските стапки се врши по истек на 3 години, освен ако со осигуреникот поинаку не е договорено (за случаи кога е отстапено од Тарифата - договорна стапка).

16. Намалувањето на премиската стапка се врши по „Табелата за корекции на премиските стапки", ако вкупниот износ на исплатените и

резервираните штети споредени со вкупниот износ на техничката премија за последните 3 години е позитивен (под 70%).

Намалувањето на премиската стапка се врши за 50% од процентот на позитивниот резултат од последната премиска стапка. Максималното намалување на премиската стапка е 50% од договорената стапка. Бонусот може да се пресмета во учество и за тој износ на осигуреникот може да му се врати премија, а стапката останува иста. Во еден пресметковен период осигуреникот може да користи само едно право на бонус.

Намалување на премиските стапки или учество ќе се врши ако износот на техничката премија во последната година е во денарска противвредност над US$ 700.

17. Зголемувањето на премиските стапки на осигурениците се врши, ако односот помеѓу вкупно пресметаната техничка премија и износот на исплатените и резервирани штети во изминатите 3 години е негативен, односно над 100% од техничката премија.

Зголемувањето на премиските стапки за наредната година не може да изнесува повеќе од 100% од последната премиска стапка, освен ако се работи за договорна премиска стапка, која се формира врз основа остварените технички резултати за една или повеќе години.

18. Намалувањето, односно зголемувањето на премиските стапки се врши во почетокот на годината за тековната година, а по истекот на 3 години, ако поинаку не се договори.

За остварените индивидуални технички резултати секоја година на осигуреникот му се доставува пресметка и се известува за новите премиски стапки што ќе се применуваат во тековната година.

Пресметката на техничките резултати задолжително му се доставува на осигуреникот со попратно писмо во 1-от квартал од годината пред обнова на осигурувањето во тековната година.

19. Ако во тековната година најдоцна до пресметка на техничките резултати се случи некоја поголема штета или се пријави нова штета која не е земена предвид при утврдување на техничките резултати на осигуреникот, а со таа штета техничките резултати ќе станат негативни, во таков случај во таа година нема да се примени одредбата за намалување на премиската стапка.

20. Поради зголемени ризици и проширувањето на територијалното покритие кои траат одредено време, а по овластување на Генералниот директор и на предлог на Стручната служба за транспорт и кредити, може да се воведат доплатоци во домашниот транспорт, кои најмногу ќе изнесуваат до 50% од премиските стапки.